На ден 20.10.2010 год. (вторник) во салата на Советот на општина Струга, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проектот: Изградба на железничка пруга дел од коридорот 8, делница: Кичево – Лин (Граница со Р.Албанија). Јавната расправа која ја организираа Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Јавно претпријатие за железничка инфраструктура “МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ” - Скопје, со поддршка на Општина Струга, започна во 11:00 часот.

**Присутни:**

- Зоран Бошев - Раководител на одделение за оценка на влијание врз животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Наташа Јовановска – помлад референт во МЖСПП – записничар;

- Менка Спировска - Управител, Деконс Ема - експерт за животната средина;

- Маја Коцова – Консултант, Деконс Ема;

- Славчо Христовски - доцент, Природно математички факултет;

- Раде Секуловски - претставник од страна на инвеститорот, Раководител на сектор за нови проекти, МЖ Инфраструктури;

- Зора Ботоевска – претставник од страна на инвеститорот, Надзорен орган, МЖ Инфраструктури;

- Валентин Михајловски - Главен проектант, Евротранспроект;

- Митко Димов – Самостоен експерт за ЕИА;

- Преставници на Општина Струга;

- Заинтересирани/засегнати граѓани

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**1. Отварање и вовед**

- Јавната расправа ја отвори г-дин Зоран Бошев, раководител на Одделението за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници тој ја истакна важноста од одржувањето на јавната расправа и учеството во дискусијата на истата, а потоа им даде збор на претставниците од инвеститорот.

**2. Презентација на студијата**

Презентација на студијата за оценка на влијанието врз животната средина ја презентираше г-ѓа Менка Спировска, експерт за животната средина, одговорна за изработка на Студијата.

Најпрвин, беше објаснет контекстот за планирање на проектот. Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина, како услов за добивање на Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, согласно Законот за животна средина. Притоа

надлежниот орган го даде мислењето за обемот и содржината на Студијата кои во целост се запазени.

Во презентацијата на присутните г-ѓа Менка Спировска ги презентираше основните параметри на Проектот: Изградба на железничка пруга дел од коридор 8, Делница: Кичево – Лин (Граница Р.Албанија), и исто така беше истакната оправданоста на проектот. Таа зазеде позитивен став кон изградбата на железничката пруга дел од коридор 8 при што смета дека овој проект позитивно ќе влијае посебно на подобрувањето на социо-економската состојба на локалното население, особено во подрачјата на железничките станици, а со тоа и на регионално ниво (развој на западниот регион во државата), односно ќе се поефтини транспортот на луѓе и стока. Покрај тоа со изградбата на оваа железничка пруга ќе се воспостави железничко поврзување на Р.Македонија со Р.Албанија, а со тоа се отвара можноста за транспортно поврзување до пристаништата Драч и Валона на Јадранско Море, како континентална земја.

Г-ѓа Спировска, истакна дека во Студијата се анализирани следниве главни влијанија: визуелни аспекти и предел, геологија и хидрогеологија квалитет на воздух, бучава и вибрации, сообраќај, отстранување на отпад, флора и фауна, квалитет на вода и почва, и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на евентуално престанување со работа.
За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.

По завршувањето на презентацијата за Студијата за ОВЖС, г-дин Бошев, пред да ја отвори дискусијата информираше дека сите заинтересирани можат во рок од 10 дена да доставaт коментари во однос на Студијата, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во процедурата на издавање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

**3. Дискусија**

- Г-дин Ружди Насуфи, дипломиран инж.архитект – постави прашање зошто новиот проект на железничката пруга не го зафаќа делот на старата подлога која што поминува низ атарот на Враништа – Велешта?

На ова одговор даде Раде Секуловски: стариот односно постоечкиот коридор не ги задоволува параметрите за изградба на новиот коридор.

- Ружди Насуфи исто така праша колку временски е потребно да се реализира проектот?

Г-ѓа Менка Спировска одговори дека реализацијата на проектот зависи од финансиските средства.

- Ружди Насуфи постави прашање дали е земено во предвид пругата да поминува низ населените места Велешта и Драгожда кои се со многу население, затоа што пругата ќе има големо влијание во тие населени места, од социо-економски аспект?

На ова Менка Спировска одговори дека од социоекономски аспект, пругата позитивно ќе влијае врз одржувањето на населбите долж пругата и нивниот развој, ќе се мобилизира работна рака од месното население во процес на градба, а во иднина ке биде достапна за подобрување на транспорт и развој на тие населени места;

- Г-дин Мики Милески, од невладин сектор – позитивно се произнесе по планираниот проект, и додаде забелешка да се даде повеќе вовед во динамиката на користење на таа пруга и на динамиката врз атакот на животната средина.

Г-ѓа Менка Спировска сосема се согласи и додаде дека се превземени сите мерки за заштита на животната средина.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори г-дин Бошев во 12:45 часот, со напомена дека сите забелешки и сугестии можат да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП.

**Записничар Проверил**

Наташа Јовановска
Зоран Бошев

**Записник од јавна расправа во општина Кичево по Студијата за оценка на влијание врз животната средина за Проект: Изградба на железничка пруга дел од коридор 8 Делница: Кичево – Лин (Граница Р.Албанија)**

На ден 19.10.2010 год. (вторник) во салата на Советот на општина Кичево, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проектот: Изградба на железничка пруга дел од коридорот 8, делница: Кичево – Лин (Граница со Р.Албанија). Јавната расправа која ја организираа Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Јавно претпријатие за железничка инфраструктура "МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ" - Скопје, со поддршка на Општина Кичево, започна во 14:00 часот.

**Присутни:**

- Зоран Бошев - Раководител на одделение за оценка на влијание врз животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Наташа Јовановска – помлад референт во МЖСПП – записничар;

- Менка Спировска - Управител, Деконс Ема - експерт за животната средина;

- Маја Коцова – Консултант, Деконс Ема;

- Славчо Христовски - доцент, Природно математички факултет;

- Раде Секуловски - претставник од страна на инвеститорот, Раководител на сектор за нови проекти, МЖ Инфраструктури;

- Зора Ботоевска – претставник од страна на инвеститорот, Надзорен орган, МЖ Инфраструктури;

- Валентин Михајловски - Главен проектант, Евротранспроект;

- Митко Димов – Самостоен експерт за ЕИА;

- Преставници на Општина Кичево;

- Заинтересирани/засегнати граѓани

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**1. Отварање и вовед**

- Јавната расправа ја отвори г-дин Зоран Бошев, раководител на Одделението за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници тој ја истакна важноста од одржувањето на јавната расправа и учеството во дискусијата на истата, а потоа им даде збор на претставниците од инвеститорот.

**2. Презентација на студијата**

Презентација на студијата за оценка на влијанието врз животната средина ја презентираше г-ѓа Менка Спировска, експерт за животната средина, одговорна за изработка на Студијата.

Најпрвин, беше објаснет контекстот за планирање на проектот. Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина, како услов за добивање на Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, согласно Законот за животна средина. Притоа надлежниот орган го даде мислењето за обемот и содржината на Студијата кои во целост се запазени.

Во презентацијата на присутните г-ѓа Менка Спировска ги презентираше основните параметри на Проектот: Изградба на железничка пруга дел од коридор 8, Делница: Кичево – Лин (Граница Р.Албанија), и исто така беше истакната оправданоста на проектот. Таа зазеде позитивен став кон изградбата на железничката пруга дел од коридор 8 при што смета дека овој проект позитивно ќе влијае посебно на подобрувањето на социо-економската состојба на локалното население, особено во подрачјата на железничките станици, а со тоа и на регионално ниво (развој на западниот регион во државата), односно ќе се поефтини транспортот на луѓе и стока. Покрај тоа со изградбата на оваа железничка пруга ќе се воспостави железничко поврзување на Р.Македонија со Р.Албанија, а со тоа се отвара можноста за транспортно поврзување до пристаништата Драч и Валона на Јадранско Море, како континентална земја.

Г-ѓа Спировска, истакна дека во Студијата се анализирани следниве главни влијанија: визуелни аспекти и предел, геологија и хидрогеологија квалитет на воздух, бучава и вибрации, сообраќај, отстранување на отпад, флора и фауна, квалитет на вода и почва, и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на евентуално престанување со работа.
За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.

По завршувањето на презентацијата за Студијата за ОВЖС, г-дин Бошев, пред да ја отвори дискусијата информираше дека сите заинтересирани можат во рок од 10 дена да доставaт коментари во однос на Студијата, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во процедурата на издавање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

**3. Дискусија**

- Г-дин Назмија Садику, комунален инспектор во општина Кичево, постави прашање Колку изнесува заштитниот појас лево и десно од пругата ?

На ова одговор даде Раде Секуловски - раководител на сектор за нови пруги при МЖ Инфраструктури дека заштитниот појас од пругата изнесува 200м лево и десно од пругата, а воедно и додаде дека во овој заштитен појас не смеат да се градат никакви други објекти како на пример паралелно со пругата да се води гасовод или да се изгради големи инфраструктурени објекти од кој ќе биде засегната трасата.

- Г-дин Назмија Садику исто така праша како ќе се одвива експропријацијата на приватното земјиште околу трасата на пругата ?

Г-дин Раде Секуловски одговри дека за секое земјиште долж трасата ќе се изготви посебен елаборат за експропријација пред добивање решение за градба;

- Г-дин Горан Стојановски, Советник за Животна средина во општина Кичево - постави прашање, Дали трасата зафаќа дел од шумскиот појас во околината на Кичево и ако зафаќа кој е тој дел, и исто така праша дали се предвидени подвозници за премин на животни ?

Г-дин Славчо Христовски доцент на природно математичкиот факултет одговори дека трасата е лоцирана на карта која е дадена во Студијата за ОВЖС, и дека на самата траса не се пронајдени дрвја од посебно значење кои треба да бидат заштитени. Во врска со второто прашање одговори дека приоритетно е водењето на грижа за слободна миграцијата на сите животински видови, и дека изградбата на железничка пруга не е голема пречка за миграцијата на животинските видови. Исто така, напомена дека ќе се испочитува ЕУ Директивата за живеалишта со воспоставување на биокоридори (премини) за животните.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори г-дин Бошев во 15:50 часот, со напомена дека сите забелешки и сугестии можат да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП.

**Записничар Проверил**

Наташа Јовановска
Зоран Бошев